Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр.42/20), Љупчо Тошев во својство на Извршен Директор на Фондација АГРО ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА (АЦЕ) Скопје, преку полномошник Адвокат Владимир Цековски донесе:

**О Д Л У К А**

**за определување на офицер за заштита на личните податоци**

Лицето Наташа Огненоска вработена во Фондација АГРО ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА (АЦЕ) Скопје се определува за офицер за заштита на личните податоци во Фондацијата.

1. Офицерот е овластен да ги врши следните работи:

- Информирање и советување на контролорот/обработувачот и вработените кои вршат обработка за нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
- Следење на усогласеноста со ЗЗЛП, со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот/обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, влучувајќи распредлување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
- Изработување на интерните прописи за заштита на личните податоци;
- Давање совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со ЗЗЛП;
- Соработување со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- Контактирање со Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната косултација согласно со ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања;
- Контактирање со субјектите на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права спредЗЗЛП:
- Предлагање обуки на вработените во врска со заштитата на личните податоци и
- Вршење други должности и задачи утврдени со ЗЗЛП, подзаконските прописи и интерните акти за заштита на личните податоци,

2. Офицерот е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи, во согласност со закон.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Место, Скопје
Датум, 31.08.2021 година

Одговорно лице преку полномошник
Адвокат Владимир Цековски

АДВОКАТ
Владимир Цековски
Скопје

До

Агенцијата за заштита на личните податоци

Бул. Гоце Делчев бр. 18

Скопје

Предмет: **Известување за определување офицер за заштита на лични податоци**

**во ФОНДАЦИЈА АГРО ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА (АЦЕ) Скопје**

Ве известуваме дека со Одлука од 31.08.2021 година, за офицер за заштита на личните податоци во Фондација АГРО ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА (АЦЕ) Скопје, е определено лице Наташа Огненоска вработена во Фондацијата

Контакт податоци на Офицерот за заштита на лични податоци:

Електронска адреса: n.ognenoska@ace.org.mk

Телефонски број: 070 997 168

Прилог: Одлука од 31.08.2021 година

Место, Скопје

Датум, 31.08.2021 година

Одговорно лице преку полномошник
Адвокат Владимир Цековски

Адвокат Владимир Цековски
Ул. Луј Пастер 14/3 Скопје